# Закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција

**Член 1**

Во Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15 и 193/15), во членот 5 став 1 во алинејата 5 бројот „300“ се заменува со бројот „240“.

**Член 2**

Во членот 7 став 3 точка 5 во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „или“.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со сврзникот „и“.

Алинејата 6 се брише.

**Член 3**

Во членот 10 став 3 зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“.

Во ставот 5 зборовите: „Министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“.

**Член 4**

По членот 10 се додава нов член 10-а, кој гласи:

„Член 10-а

Ако инспекторот утврди дека недостатоците во управното работење се настанати поради големиот број на поднесени барања, поради што службените лица кои постапуваат не можат да ги запазат роковите, инспекторот со решение наредува функционерот на органот или раководното лице да преземе мерки и активности за обезбедување на доволен број на службени лица кои ќе преземаат управни дејствија, односно ќе решаваат управни предмети и за тоа ќе определи рок не подолг од шест месеци од денот на приемот на решението.

Функционерот на органот или раководното лице каде што се утврдени случаите од ставот 1 на овој член, е должен во рокот определен со решението да преземе мерки и активности за обезбедување на доволен број на службени лица кои ќе преземаат управни дејствија, односно ќе решаваат управни предмети и за тоа да го извести инспекторот.

Против решението од ставот 1 на овој член функционерот на органот или раководното лице, можат да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка донесува решение во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.“.

**Член 5**

Во членот 18 став 1 зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“.

Во ставот 3 зборовите: „Министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“.

**Член 6**

Во членот 22 став 1 по алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:
„- во определениот рок не го изврши решението за отстранување на утврдените неправилности од членот 10-а став 1 од овој закон,“

**Член 7**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 8**

Одредбите од членовите 3 и 5 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

**Член 9**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.